СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

**МАКЕДОНСКА ТРАНСПОРТНА АСОЦИЈАЦИЈА - МТА**

СКМ-ЗП-РУ-08/03

# З а п и с н и к

од одржана седница на Македонската Транспортна Асоцијација
на 20.02.2013 година

Врз основа на член 13 од Правилата за организацијата и начинот на работа на Македонската Транспортна Асоцијација - МТА (бр. 23-500/3 од 01.03.2012 г.), на 20.02.2013 година се одржа редовна седница на Македонската Транспортна Асоцијација - МТА.

Со седницата раководеше Иван Петровски, претседател на МТА.

На седницата се водеше расправа по следниот

## Д н е в е н  р е д

1. Презентација и дискусија на тема `Тековни и идни планирани проекти на Министерството за транспорт и врски`, г-ѓа Светлана Глигоровска, Министерство за транспорт и врски на Република Македонија;
2. Заклучоци од работната средба на граничниот премин Богородица / Евзони – идни чекори, г-ѓа Љубица Нури, виш советник на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија;
3. Разно

**Прва точка**

Претставникот од Министерството за транспорт и врски на Р. Македонија, г-ѓа Светлана Глигоровска пред присутните членови изврши презентација на веќе превземени проекти активности на министерството кои се уште се во фаза на реализација, како и активности кои се планирани да отпочнат во тековната година.

Меѓу позначајните активности, беа наведени долу споменатите проекти:

- **Изградба на Автопатска делница Демир Капија - Смоквица како дел од Пан Европскиот Коридор X** (проект кој се реализира преку Договорот за градежни работи кој официјално почна во август 2012 година и ќе се спроведува во наредните 4 години и Договор за надзор кој го врши конзорциум со Egis Route - IRD Engineering со времетраење од 6 години);
- **Рехабилитација на мостови со грант од НАТО на патната делница од Велес до Катланово** (проектот е изработен од страна на Градежниот факултет-Скопје и доставен до НАМСА во мај 2012 а градежните работи се планира да отпочнат прва половина на 2013 година и да завршат до крај на истата);
- **Подготовка на студии за развој на Стратешки мулти модални транспортни јазли** (Целта на проектот е подготовка на секторска студија за стратешки мултимодални транспортни јазли во Македонија и проценка на трошоците и придобивките од истата на национално ниво. Договор е

склучен со компанијата ЕКОРИС првиот резултат во вид на Секторска студија треба да биде готов во април 2013, а крајниот рок за завршување на проектот е јануари 2014 година);

- **Рехабилитација и надградба на железничката станица во Скопје според најдобрите ЕУ практики** (целта на проектот е да се осовремени железничката станица во Скопје за да одговори на барањата и потребите на патниците, почетокот на градежните работи се очекува во последниот квартал на 2013 година со времетраење од 11 месеци);
- **Рехабилитација, надградба и реконструкција на поголемите железнички станици на Коридорот 10 и кракот 10Д според најдобрите практики во ЕУ** (во тек на реализација е проект со кој ќе се изработи проценка на состојбата за станиците: Велес, Прилеп, Битола, Гевгелија, Богомила, Чашка, Табановце, Демир Капија, Градско и Неготино, а по завршувањето на проценката и проектната документација, ќе се пристапи кон рехабилитација);
- **Ремонт на железничката пруга на Коридорот 10 во должина од 54 км** (Во тек се активности за извршување ремонт на три делници: Табановци-Куманово со должина од 13,3км, Миравци - Смоквица во должина од 13,1км и Згрополци (Ногаевци) – Градско–Неготино со вкупна должина од 28 км);
- **Железничко поврзување на Р. Македонија со Р. Бугарија во должина од 89 км** (физибилити студија со идејни проекти и анализа на корист и добивка како и студија за оценка на влијанието врз животната средина и социо - економскиот развој се изработени во 2011, а решението за прифаќање на студијата за оценка на влијанието е издадено од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање кон крајот на 2012);
- **Рехабилитација на делница Куманово - Бељаковце (30.8 км) - Изработка на основни проекти** (договорот помеѓу ЈП МЖ - Инфраструктура и консултантите кои треба да ги изработат основните проекти е потпишан во март 2012 година, средствата се обезбедени како техничка помош преку Western Balkan Investment Facilities. Основните проекти се очекува да бидат готови до крај на февруари 2013. Се планира најдоцна до крајот на месец јули 2013 да се склучи договор со избрана градежна фирма, а градбата да започне во третиот квартал од годината и да заврши во 2016);
- **Изградба на нова и рехабилитација на постојна делница Бељаковце-Крива Паланка - 34 км** (градбата на оваа делница се планира да започне во првиот квартал 2015 и да заврши во рок од 5 години);
- **Изградба на нова делница Крива Паланка - Деве Баир (граница со Р. Бугарија) – 23,5 км** (градбата се планира да започне во 2017 и да заврши во рок од 5 години, а финансиските средства за изградба на оваа делница треба да се обезбедат од ИПА, ЕБОР и ЕИБ);
- **Електрификација на делница Куманово - Деве Баир, граница со Р.Бугарија - 89 км** (финансиските средства потребни за изведба на електрификацијата се планира да се обезбедат од ИПА 2 (2014-2020). За почеток на работите се планира 2019, а завршување за две години);
- **Обновување на возниот парк на Македонски железници АД Транспорт Скопје** (предвидена е набавка на: 4 дизел-моторни тро-делни патнички гарнитури, 2 троделни патнички електро-моторни гарнитури, реконструкција на 5-6 електро локомотиви и набавка на 150 товарни вагони од различни типови. До крајот на 2013 треба да се склучи договор со производител кој во рок од 3 години треба да ги произведе патничките гаринтури и 150-те вагони (крај на 2016 да се донесат во Македонија).

**Втора точка**

Со цел запознавање на членовите на асоцијацијата, посебно оние кои не беа присутни на заедничката средба на граничниот премин Богородица – Евзони, беа презентирани заклучоците од средбата на царинските и преку граничните инспекциски служби и стопанствениците од двете земји (истите во целост се дадени во Прилог 1 кон овој записник).

Беше констатирано дека е потребна само мала измена во точката 5, која се однесува на работата на Пристаништето во Солун, односно да се разгледа можноста, да се воведе на редовна основа и без дополнителни трошоци трета смена за истовар на генерални терети како и да се овозможи царинење како во увоз така и во извоз на полни и празни контејнери до 20 часот,како и царинење во сабота..Со исполнување на овие два предлога би се намалиле транспортните трошоци на домашните компании како и притисокот на камиони на преминот Евзони.

Воедно присутните беа информирани за пристигнатиот допис од Канцеларијата за врски на Грција во кое се наведува дека Грчката Асоцијација за меѓународен патен транспорт (OFAE) е подготвена да продолжи кон воспоставување на заеднички работен Комитет за транспортни прашања, во согласност со заложбата преземена за време на билатералниот работен состанок на граничниот премин Евзони - Богородица. Потребно е да се има еден учесник од секоја институција со цел да се формира мала и флексибилна работна група. Предлогот од OFAE е првиот состанок на работната група да се одржи до крајот на првото полугодие на 2013 година во Солун. Присутните позитивно се изнесоа по однос на предлогот, но исто така дадоа зелено светло донесените заклучоци од средбата на граничниот премин да се достават до грчката страна и до сите вклучени страни / институции од македонска страна.

**Точка разно**

Од страна на Стручната служба при Стопанската комора на Македонија, се укажа на фактот дека членките на Македонската транспортна асоцијација треба да се воедно и членки на Здружението на сообраќајот при Комората од причини што овие две форми на организирање опфаќаат сродни дејности. Поради тоа се предложи да претседателот на МТА воедно биде и претседател на Здружението на сообраќајот при Комората. Оваа иницијатива беше едногласно прифатена од страна на присутните членови на Асоцијацијата.

Претседателот на МТА како претседател на Здружението на сообраќајот, г-динот Иван Петровски, беше предложен да биде член на Собранието на Стопанската комора на Македонија од причини што овие две форми на организирање на тој начин ќе имаат претставник во највисокиот орган на Комората и ќе бидат запознати со сите одлуки кои ги донесува токму овој орган.

Како втор претставник од Здружението на сообраќајот во Собранието на Комората беше предложен г-динот Зоран Богдански, шеф за карго операции во ТАВ Македонија. Се предложи ТАВ да има свој претставник во Собранието на Комората од причини што оваа компанија во својот делокруг на работа го опфаќа и патничкиот и товорниот сообраќај.

Предлозите за избор на членови на Собранието на Комората од страна на Здружението на сообраќајот беа едногласно прифатени од страна на присутните членови.

По завршување на оваа прашање од точката разно се отвори дискусија по однос на двете презентации при што беше констатирано следното:

- Покрај проектите кои беа презентирани од страна на г-ѓа Светлана има и други проекти кои во моментов се работат од страна на МЖ Инфраструктура, врзано за регулација на возовите, безбедност и интероперабилност итн;
- Во делот на набавка на нови товарни вагони, од страна на претставникот на МЖ Транспорт беше истакнато дека деновиве бил отворен тендер за избор на консултант, но секако дека во изборот ќе се земат во предвид барањата на корисниците на нивните услуги. Ова беше одговор на барањето на Фени индустри кои бараат набавка на вагони за растресити балк терети. Воедно од МЖ Транспорт се надеваат дека ново вградените уреди на пругите ќе се вклопуваат со старите уреди за да не настанат проблеми во поглед на безбедноста;
- Фени индустри побара во записник да влезе преиспитување на можноста за намалување на цената на транспортот со железница, посебно упатувајќи на делот на услугата која МЖ Инфраструктура ја има како побарување кон МЖ Транспорт;
- Итно е потребно отворање на канцеларија за инспекциските служби на железнички граничен премин, за да се намалат задржувањата на возовите кои се непотребни. Ради ваквата состојба многу загуби трпат и МЖ Транспорт и МЖ Инфраструктура, бидејќи задржувањето на возовите трае и до 8 часа. Овој проблем не се јавува само на Табановце (како железнички граничен премин), туку се јавува и на Богородица (но во поублажена форма) како и на Аеродромот Александар Велики (кои ги повикуваат инспекциските служби од Табановце). Според сознанијата на дел од присутните Владата во почетокот на 2011 година има донесено Заклучок за отворање на ваква ветеринарна служба, за што е потребно Комората да го провери овој податок и доколку има таков заклучок истиот да се достави до членките. Во однос на ова прашање донесен е заклучок на ниво на асоцијацијата, во кратко време да се организира состанок со претставници од Агенцијата за храна и ветеринарство.

. / .

По исцрпување на дневниот ред седницата заврши во 15:40 часот.

Бр. 53-473/2
22.02.2013 година
С к о п ј е

Претседател на Асоцијацијата,
Иван Петровски с.р